| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и<br><br>Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација<br><br>Љупка Ивановски, раководител на сектор за нормативно-правни работи |

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-7043/3
Скопје, 6 август 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка што го утврди на седницата, одржана на 6 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата |

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/24 и 74/24) се утврдуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација како и условите и постапката за доделување финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерството за дигитална трансформација и Министерство за јавна администрација со надлежности утврдени со овој закон.

Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за медиуми се усогласува си со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 253/23).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овие законски измени е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/24) во однос на органот на државна управа, Министерството за дигитална трансформација.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка, нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка, нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлог на закон за изменување и дополнување на закон за медиуми, да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/24 и 74/24), во член 28-б во ставот (4) зборовите „информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „дигитална трансформација“.

Член 2

Во насловот на членот 30 зборот „Казнени“ се заменува со зборот „Прекршочни“.

Член 3

Во член 30 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

Член 4

Во член 31 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.“.

Член 5

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд согласно со Законот за прекршоците.“

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми е систематизиран во 6 члена.

Со член 1 се менува член 28-б и се утврдува министерот за дигитална трансформација.

Со член 2, 3, 4 и 5 се врши усогласување со Законот за прекршоци.

Со член 6 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за прекршоци.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Право на учество

Член 28-б

(1) Право на учество на јавниот повик имаат дневни, неделни, месечни и локални печатени медиуми од општ информативен карактер кои објавуваат содржина насочена кон непрекинато информирање на јавноста за тековните политички, економски, социјални теми и прашања, регистрирани на територијата на Република Северна Македонија кај надлежен орган, определен со закон.

(2) Печатените медиуми од ставот (1) на овој член поднесуваат барање за финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми до Владата.

(3) Печатените медиуми од ставот (1) на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат подмирени јавни давачки за претходната календарска година,
- да немаат отворена постапка за стечај,
- да немаат отворена постапка за ликвидација,
- да не им е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
- да не им е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност,
- да не им е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност,
- да се регистрирани во Регистарот на издавачи на печатени медиуми во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми,
- да се печателе и дистрибуирале на пазарот најмалку три години до денот на објавувањето на јавниот повик и
- последните три години до денот на објавувањето на јавниот повик во континуитет да се продавале на пазарот по цена од минимум 10 денари за националните дневни весници, минимум 10 денари за локалните неделници и минимум 50 денари за националните неделни и месечни печатени медиуми.

(4) Формата, содржината и начинот на доставување на барањето од ставот (2) на овој член, како и потребната документација за исполнување на условите од ставот (3) на овој член, ја пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Казнени одредби

Член 30

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) печатен медиум со порнографска содржина не обезбеди заштита на малолетни лица на начин утврден во членот 6 став (1) од овој закон;

2) не именува одговорен уредник (член 8 став (1));

3) не ги објави податоците согласно со членот 14 од овој закон;

4) не ги достави податоците во рок и на начин утврден во членот 15 став (1) или не ги објави истите согласно со членот 15 ставови (2) и (3) од овој закон и

5) не достави писмен извештај на начин и во рок согласно со членот 15 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

Член 31

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не достави примерок од секој издаден број на печат до Националната и Универзитетската библиотека на Република Северна Македонија (член 15 став (7));

2) не изврши објава на исправка согласно со членот 18 од овој закон;

3) не ја изврши објавата на исправката на начин и под услови утврдени со членот 19 од овој закон;

4) на заинтересирано лице не му обезбеди копија од објавена информација, согласно со членот 20 став (1) од овој закон;

5) не ја објави бараната информација согласно со членот 25 од овој закон и

6) не објави одговор на начин согласно со членот 27 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.